РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр. 22-216/1
02.02. 2023 год.
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член 77, член 121 и член 122 од Законот за јавни набавки ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 24/2019) Градоначалникот на Општина Делчево ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За утврдување на јавна набавка на посебни услуги:**
**,,Угостителски услуги за потребите на**
**Општина Делчево за 2023 година,,**

**1.** Се утврдува потребата од јавна набавка на посебни услуги: ,,Угостителски услуги за потребите на Општина Делчево за 2023 година,,.

**2.** За реализација на набавката од точка 1 на оваа Одлука се обезбедени средства од Буџетот на Општина Делчево за 2023 година во висина од 600.000,00 денари без вклучен ДДВ.

**3.** Договорот за јавна набавка ќе се додели со објавување на Оглас на ЕСЈН во делот Посебни услуги.

**4.** Јавната набавка ќе се изврши со склучување на договори со повеќе економски оператори овластени за вршење на угостителски услуги.

**5.** Постапката се спроведува во хартиена форма без користење на електронски средства преку ЕСЈН.

**6.** Јавната набавка не е делива.

**7.** За спроведување на јавната набавка се формира Комисија за јавни набавки при договорниот орган во состав:

1. Стефанија Стојчевска -претседател на Комисијата
2. Игор Жежовски -член
3. Ванчо Новоселски –член

-Заменици на Комисијата за јавни набавки:

1. Емил Тасев - заменик претседател
2. Влатко Мицевски - заменик член
3. Македонка Поповска-заменик член

**8**. За спроведување на оваа постапка – јавна набавка на посебни услуги, нема да се ангажираат надворешни стручни лица.

**9.** Се задолжува Комисијата за јавни набавки од точка 7 на оваа Одлука да ја спроведе истата, согласно со одредбите од Законот за јавни набавки.

**10.** Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Набавка за потребите на Општина Делчево, со цел обезбедување на економски оператори кои се овластени за вршење на угостителски услуги. Општина Делчево ќе објави Оглас за доделување на Договор за јавна набавка на ЕСЈН во категоријата ,,посебни услуги,,. Оваа постапка се спроведува во хартиена форма без користење на електронски средства преку ЕСЈН. Набавката нема да е делива од причина што се работи за истороден предмет за кој не е можна поделба.

**Изработил: Советник за администрирање на постапки за јавни набавки**
**Стефанија Стојчевска**
**Контролирал: Раководител на Сектор за финансиски прашања**
**Шабан Багашов**
**Одобрил: Секретар на Општина Делчево**
**Билјана Прачкоска**

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Горан Трајковски**

Goran Trajkovski
Digitally signed by Goran Trajkovski
Date: 2023.02.02 12:11:03 +01'00'